Согласно Чл.65 од Законот за Енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службенвесник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22) и Одлуките под бр.02-203/9 и 02-203/10 од 11.03.2024 год. донесени од страна на Управниот одбор на ЈП "Стрежево" Битола со седиште на Булевар 1-ви Мај бр.77 – Битола, ЕМБ : 5562538 и ЕДБ:4002978113467 :

**О Б Ј А В У В А**

ЈАВЕН ПОВИК ЗА

СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА КУПОПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПО ПАТ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

## I.ПРЕДМЕТ НА ПРОДАЖБА

Предмет на јавниот повик по пат на јавно наддавање е продажба на електрична енергија од 2(две) мали ходроцентрали и 1(една) фотонапонска централа кои се во сопственост на ЈП“Стрежево“-Битола и тоа:

1. ХЕЦ“Стрежево“(3x800кW) и ХЕЦ“Биолошки минимум“(1x132kW), со вкупен профил на испорака од 0,0 MWh/h до 2,532 MWh/h.

   Предмет на продажба на електрична енергија ќе биде време од 1(една) година од денот на потпишување на договорот. Точка на испорака е дистрибутивната мрежа на ЕВН – Македонија АД – Скопје – КЕЦ Битола, и

2. ФЕЦ“Стрежево“(499.2kW) со вкупен профил на испорака од 0,0 kWh/h до 499.2 kWh/h.

   Предмет на продажба на електрична енергија ќе биде време од 1(една) година од денот на потпишување на договорот. Точка на испорака е дистрибутивната мрежа на ЕВН – Македонија АД – Скопје – КЕЦ Битола.

## II.ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на јавниот повик со наддавање имаат правните лица, кои се регистрирани како снабдувачи на електрична енергија на пазарот на електричната енергија, операторот на електро преносниот систем и операторите на електродистрибутивните системи.

## III.УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

Заинтересираните правни субјекти имаат право на учество со поднесување пријави по однос на двете точки предмет на продажба, односно за ХЕЦ и ФЕЦ заедно или поединечно.

Пријавите се во затворен плик за учество на јавниот повик во писмена форма.

Бараните комлетирани документи, доколку субјектот поднесува пријави по однос на двете точки предмет на продажба, ќе се земат во предвид за двете точки.

Потребна документација:

1. Пријава за учество на јавниот повик,

Пријавите треба да биде заверени и потпишани од страна на одговорното лице на понудувачот која се доставува во затворен плик со ознака "НЕ ОТВАРАЈ" и со назнака "за објава на продажба на електрична енергија".

Пријавите за учество на јавниот повик се чуваат во архивата на претпријатието се' до нивното комисиско отворање.

2. Доказ за регистрација на правното лице од соодветниот регистар – регистрирани како снабдувачи или како трговци на електрична енергија.

3. Да поседуваат договор со МЕПСО дека се регистрирани како балансно одговорна страна (БО ) и дека поседуваат балансна одговорност.

4.Решение за упис во Централен регистар или тековна состојба.

5.Потврда за бонитет.

6.Уверение од Управа за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки пропишани со закон.

7.Потврда дека не е отворена постапка за стечај.

8.Потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган.

9.Потврда од регистарот на казни за сторени кривични дела сторени од правните лица и дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапка за јавен повик.

10.Понудувачот се обврзува дека во целост ќе ги покрива трошоците за балансирање на производителот на електрична енергија(продавачот) и дека ќе ги толерира евентуалните одстапувања во најавите за планираното и пријавено дневно производство на електрична енергија.

Истовремено учесникот на јавниот повик со наддавање, ќе треба да биде и балансно одговорна страна и за набавката на електрична енергија која што ќе ја купува ЈП“Стрежево“ за сопствени потреби на пазарот на електрична енергија во истиот временски период започнувајќи од 01.04.2024 година па се’ до 31.03.2025 година, за која што јавна набавка е во изработка.Годишната набавка на електрична енергија за сопствени потреби во ЈП“Стрежево“ се движи до Emax=515,5 MWh/годишно, со максимална ангажирана моќност од Pmax=0,3MW/месечно. Исто така, правниот субјкет што ќе ја откупува електричната енергија од ФЕЦ ќе биде во балансната група на правниот субјект кој ќе ја откупува електричната енергија произведено од ХЕЦ.

11.Документите за позиција 2,4,5,6,7,8 и 9 не треба да бидат постари од шест месеци.

12.Пријавите кои не се комплетирани со погоре наведените документи нема да влезат во постапката на евалуација.

## IV.ПОЧЕТНА ЦЕНА

Минималната почетната цена за:

**1.** ХЕЦ на ЈП Стрежево Битола е утврдена со формулата :

**Cm=0,92*Cmp,HUPX/1000 (ден/KWh)**

m-тековен месец

**Cm- цена** по која правното лице ќе ја откупува произведената електрична енергија од ХЕЦ Стрежево и ХЕЦ Билошки минимум (ден/Kwh)

**Cmp,HUPX**- просечна цена за електрична енергија за врвно оптоварување (peakload price) и базно оптоварување (Baseload price) на пазарот на берзата **HUPX** за месецот за кој се однесува пресметката (ден/Kwh).

Во пресметките ќе се употребува средниот девизен курс на НБРМ за ЕУР во последниот работен ден од тековниот месец.

Во оваа цена е вкалкулиран и процент од 1% за Фондот за води на Р.С.Македонија.

Понудената цена треба да биде без ДДВ, а додека трошоците за балансирањето ќе ги сноси понудувачот – купувачот, и

Минималната почетната цена за:

**2**. ФЕЦ на ЈП Стрежево Битола е утврдена со формулата :

**Cm=0,88*HUPX(h)/1000 (ден/KWh)**

m-тековен месец

**Cm** – цена по која правното лице ќе ја одкупува произведената електрична енергија од ФЕЦ Стрежево (ден/kWh)

**HUPX(h)** – е реализирана часовна цена тргувана на Унгарската берза за електрична енергија во текот на месецот и истата објавена на следниот линк за секој ден/час во месецот

https:hupx.hu/eu/market-data/dam/historical-data.)

-во пресметките ќе се употребува следниот девизен курс на НБРМ за ЕУР во последниот работен ден од тековниот месец.

Понудената цена треба да биди без ДДВ и продавачот нема трошоци во балансирањето.

## V.РОКОВИ

Пријавите за учество на јавниот повик со наддавање се доставуваат во писмена форма преку архивата на претпријатието на улица "Булевар 1.мај" бр.77-Битола, или лично на денот на надавањето.

Јавниот повик ќе биде одржан во просториите на ЈП"Стрежево" во Битола и ќе биде реализиран по пат на јавно наддавање, по однос на двете точки, предмет на продажба.

Пријавите можат да се достават во рок од 7 дена по огласувањето на Јавниот повик во дневните весници и тоа најкасно **до 28.03.2024 година** до **12,00h кога** е закажано и отворањето на понудите и отпочнувањето со јавното наддавање.

## VI.ПОСТАПКА

1.На денот на одржувањето на јавното наддавање, учесниците ќе се легитимираат со лични исправи (лична карта или патна исправа) и уредно полномошно за полномошниците

2.Јавното наддавање може да отпочне доколку се пријавил и еден учесник кој ги исполнил условите дадени во објавата и ја наддаде почетната цена за предметот за наддавањето

3.Јавното наддавање започнува со јавно соопштување на највисоката понудена цена.

4.Наддавањето за двете точки предмет на продажба, се врши "чекорно", минимално 1(еден) чекор, со зголемување на вредноста со секој "чекор" но не помалку од **0,02.**

5.Учесникот на наддавањето кој ја понудил последната највисока цена која што и после третото соопштување од страна на комисијата нема да биде наддадена, ќе се стекне со статус на најповолен понудувач.

6.По завршувањето на успешно спроведеното јавно наддавање ЈП"Стрежево", ќе склучи договор со најповолниот понудувач во кој што договор детално ќе ги уредат своите меѓусебни односи како што се време на испорака на фактурата, рок на плаќање по фактура (но не повеќе од законскиот рок на плаќање, потоа услови за раскинување на договорот, надоместување на штета доколку настане врз некоја од страните поради неисполнување на условите од договорот и сл.)

## VII.НАЧИН НА ОГЛАСУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Продажбата на електричната енергија се врши со јавен повик по пат на јавно наддавање и истиот ќе биде објавен во дневните весници кои се издаваат на македонски јазик: Нова Македонија, Слободен печат, во дневниот весник Коха и на официјалната веб страна на ЈП "Стрежево" - Битола – www. strezevo.com.mk.

Лице за контакт:
Никола Наумовски,д.е.и.
тел.070/207-505 или
strezevohec@yahoo.com

Директор
Методија Граматковски д.е.и